**Одлука бр. 17**

Управниот одбор на Тениска Федерација на Северна Македонија на електронска седница одржана на ден 19.12.2023 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за определување на критериуми за номинација на тенисери до 20 години за стекнување на статус спортист-спортска надеж за 2024/2025 година**

Член 1

Тениска Федерација на Северна Македонија ќе ја изврши селекцијата за номинација на тенисери за стекнување на статусот спортист спортска надеж според следните критериуми:

1. Државни прваци 2023 и 2024 година и најдобар пласман на ранг листи на Теннис Европа 14 и 16 години до 150 место, ИТФ до 18 години до 300 место, АТП и ВТА до 1000 место, во периодот од 01.01.2023 година до датумот на прием на барањето од Агенцијата за млади и спорт на РСМ за 2024 година
2. Државни прваци 2023 и 2024 година и Пласман на тенисерите на официјалните ранг листи на ТФСМ, на крајот од 2023 и моменталниот пласман на ранг листите 2024 година
3. Најдобар пласман на ранг листи на Теннис Европа 14 и 16 години до 150 место, ИТФ до 18 години до 300 место, АТП и ВТА до 1000 место, во периодот од 01.01.2023 година до датумот на прием на барањето од Агенцијата за млади и спорт на РСМ за 2024 година
4. Пласман на тенисерите на официјалните ранг листи на ТФСМ, на крајот од 2023 и моменталниот пласман на ранг листите 2024 година.

Член 2

Оваа одлука стапува во сила на денот на нејзиното донесување и се однесува за номинација на тенисери за стекнување на статус спортист спортска надеж за периодот 01.09.2024 до 30.06.2025 година.

Тениска Федерација на Северна Македонија
Претседател на Управниот Одбор
Александар Ивановски

Скопје, 19.12.2023 година

Тениска Федерација на Северна Македонија
Скопје
1